**Инфо билтен – мај 2025 година**




## #Клима

По четири години активна работа, овој месец го организиравме завршниот настан на програмата „Граѓанските организации во акција за климатските промени" - климатската криза може да се ублажи само со заедничка акција.

Претставници на Еко-свест беа поканети да учествуваат во работните групи за ревизија на нацрт националниот план за енергија и клима од страна на Министерството за енергетика, минерални суровини и рударство. По учество на првата презентација на ревидираниот документ со нас беше споделен документот кој го дискутиравме и споделивме со секретаријатот на коалицијата за клима и подготвени коментари.

Во рамки на програмата „Граѓанските организации во акција за климатските промени" на 24 април 2025 година во Скопје организиравме настан за презентација на методологијата за ПЗН (Пост Законодавен надзор) на законодавството за животната средина и климатските промени во Македонија. Целта на настанот беше да се отвори дискусија за користење на ПЗН како инструмент и водич за успешна имплементација на обврските кои произлегуваат од Законот за животна средина и Законот за климатска акција.

## #Енергија

Мрежата CEE Bankwatch и Еко-свест неодамна изразија сериозна загриженост во врска со предложениот проект за ископ на јаглен во Македонија. Планот за отворање на нов рудник за лигнит во Пелагонискиот регион е изненадување, бидејќи регионот веќе е погоден од три други

Проектот "Граѓанските организации во акција за климатските промени" е финансиски поддржан од страна на Шведска. Изразените ставови и мислења се на организациите кои го спроведуваат проектот и нужно не ги одразуваат ставовите и мислењата на владата на Шведска.

рудници за јаглен, а проектот е спротивен на заложбите за напуштање на јагленот како енергенс.

Со цел зајакнување на регионалната соработка и капацитетот на локалните економско – социјални совети во процесите на донесување одлуки поврзани со праведната транзиција – процес кој обезбедува премин кон одржливи извори на енергија без да се занемарат социјалните и економските аспекти на заедницата Младинскиот културен центар – Битола во соработка со Локалниот економско-социјален совет на Општина Битола (ЛЕСС Битола) и Еко- свест, организираше работилница на тема „Планирање на праведната транзиција на Пелагонискиот регион". Видете повеќе.

„Визија кафе" и монодрамата „Не денес" во Битола, на 10 мај, поттикнаа јавен дијалог за одржлива иднина, еколошка свест и потребата од лична одговорност во процесот на заштита на животната средина, еколошка трансформација и праведна транзиција. Прочитај повеќе.

На 12 мај, младите од Битолскиот регион учествуваа во првото Младинско граѓанско собрание во Битола, каде дискутираа за иднината на регионот низ призмата на одржливост и започнување на процесот за креирање на концепт за првиот територијален план за праведна транзиција. Повеќе информации можете да најдете тука.

Започнете со производство на сопствена одржлива електрична енергија преку концептот на просумерство – сите потребни информации и ресурси се достапни на prosumer.mk.

**#Заштита на води**

Работиме на подготовка на анализа на влијанијата врз реките и речните живеалишта во НП Маврово и во НП Шар Планина, публикацијата ќе биде објавена наскоро.

**#Заштита на природа**

Официјално започна новиот проект „We grow with the flow – Youth for rivers", кој има за цел да го зголеми учеството на младите во еколошки иницијативи поврзани со заштита на реките во Македонија и регионот.

Во новиот прилог на Дојче веле на македонски јазик се поставува прашањето зошто Јабланица сѐ уште не е прогласена за заштитено подрачје. Во прилогот може да дознаете повеќе за биолошката вредност на оваа планина, за потребата од прекугранична заштита и соработка, како и за потенцијалот за интегрално управување со заштитата на овој природен бисер. Погледнете го прилогот тука.

Sweden Sverige

Проектот "Граѓанските организации во акција за климатските промени" е финансиски поддржан од страна на Шведска. Изразените ставови и мислења се на организациите кои го спроведуваат проектот и нужно не ги одразуваат ставовите и мислењата на владата на Шведска.

Едукативна работилница за дечињата од ООУ „Гоце Делчев" од с.Јабалница, во соработка со Europe House Struga и волонтери од Црвен Крст Струга. Учениците имаа можност да мерат трансекти, користат мобилни апликации за препознавање животински и растителни видови, и да се запознаат со улогата на ренџерите во заштитените подрачја.

Во Трајната поставка за природа „Патување низ природните богатства на Вевчански извори" и во природа, заедно со учениците од ООУ „Јосип Броз Тито"- Струга и ООУ „Орхан Џемаили" од с.Татеши истражувавме, цртавме и дискутиравме за природните богатства на регионот.

За учениците од ООУ „Единство" – Октиси организиравме уметничка работилница во Вевчански извори, каде детската имагинација оживеа на хартија.

За извидници од Македонија, Црна Гора и Србија, организиравме едукативен хајк на Јабланица, до Вевчанска Локва. Учесниците имаа можност да научат за ендемичните видови, богатството од води и значењето на Европскиот зелен појас.

**#Публикации**

Бриф за политики: Комуницирање на климатските промени со сите засегнати страни во Македонија.

Методологија за пост-законодавен надзор на законодавството на животната средина и климата во Македонија.

Тим ЕКО #3 - Токсичен шок!

Прирачник: Пчели - повеќе од мед.

**#Медиуми**

Интервју со Марјан Георгиевски по монодрамата „Не денес", времето истекува,а ние молчиме. (црнобело.мк)

Климатската криза може да се ублажи само со заедничка акција (мета.мк)

Живеј здраво, движи се паметно, грижи се за природата – три видеа што ќе ве инспирираат да направите мала, но важна промена (рацин.мк)

Потфрламе во справувањето со климатските промени (пина.мк)

Проектот "Граѓанските организации во акција за климатските промени" е финансиски поддржан од страна на Шведска. Изразените ставови и мислења се на организациите кои го спроведуваат проектот и нужно не ги одразуваат ставовите и мислењата на владата на Шведска.

**Забелешка:** Овој инфо билтен е наменет за меѓусебно информирање за настани, активности и повици на еколошките организации и релевантните институции. Пораката ја добивте бидејќи сте регистрирани на една од GoogleGroups climatecoalitionmk и/или ekosfera. Доколку не сакате да го добивате овој инфо билтен, пратете порака на info@ekosvest.com.mk

Проектот "Граѓанските организации во акција за климатските промени" е финансиски поддржан од страна на Шведска. Изразените ставови и мислења се на организациите кои го спроведуваат проектот и нужно не ги одразуваат ставовите и мислењата на владата на Шведска.